Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 05.08.2020

На 04.08.2020 во 17.50 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Периша Савелиќ" го лишиле од слобода Т.С.(24) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.08.2020 во периодот од 19.30 до 20.00 часот, постапувајќи по претходна судска наредба од Основен суд Гостивар, полициски службеници од Полициската станица Гостивар извршиле претрес во патничко возило „фолксваген туран", со тетовски регистарски ознаки, сопственост на Џ.А.(34) од с.Долно Палчиште, Општина Боговиње, при што биле пронајдени предмети кои потекнуваат од извршено кривично дело „кражба", пријавена во 11.25 часот од А.Х.(83) од Гостивар. Според пријавеното, А.А. и Џ.А. од с.Долно Палчиште, ангажирани како помошници кај пријавителката, во повеќе наврати одзеле пари и вредни предмети од нея. Пронајдените предмети се одземени, а Џ.А. и А.А. биле лишени од слобода и заврзани во полициска станица за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 04.08.2020 во 14.00 часот во Полициското одделение Велушина, Д.Т.(59) од с.Кременица пријавил дека во нива негова сопственост, пронашол неексплодирана граната калибар 75мм. Од страна на стручно лице од Дирекција за заштита и спасување пронајдената експлозивна направа била подигната за понатамошна постапка.

На 04.08.2020 година во 13.10 часот, на магистралниот пат Охрид – Кичево, кај с.Сливово, Општина Дебрца, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „опел", со кичевски регистарски ознаки, управуван од С.Р.(50) од кичевското село Црвевци и товарно возило „ман", со велешки регистарски ознаки, управувано од Н.К.(53) од велешкото село Бузалково. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобил возачот на патничкиот автомобил, констатирани во болницата „Св.Еразмо" во Охрид, каде што бил префрлен за укажување на лекарска помош. Увид на местото на незгодата извршил Јавен обвинител и полициски екипи.

На 04.08.2020 во 17.25 часот било пријавено дека во Куманово, на паркинг простор на бул.„Октомвриска револуција", патничко возило „шкода", со кумановски регистарски ознаки, управувано од Б.Џ.(34) од Куманово удрило во велосипед, управуван од 15-годишник од Куманово и во патничко возило „опел астра", со кумановски регистарски ознаки, паркирано од Н.С.(30) од Куманово. Во незгодата, велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Куманово, каде што бил пренесен за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Куманово.

На 04.08.2020 во 19.00 часот било пријавено дека на земјен пат за с.Габреш, во с.Кучкарево, кумановско, Д.Н.(75) од с.Кучкарево, управувајќи трактор „ИМТ 533", со српски регистарски ознаки, во кое како солатници се превезувале В.Д.(58) и Ј.Ј.(82), двајцата од с.Кучкарево, изгубил котрола и удрил во земјена површина и се превртел. Во незгодата, Ј.Ј. се здобил со тешки телесни повреди, а Д.Н. и В.Д. се здобиле со телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Куманово, каде што биле пренесени за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Куманово.

На 04.08.2020 во 19,20 часот било пријавено дека на регионален пат Тетово – Волковија, кај место викано Барник, влекач „даф", со скопски регистарски ознаки, со полуприколка, управуван од Т.П.(58) од Скопје удрил во велосипед управуван од К.М.(39) од Гостивар. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот, констатирани во Клиничкиот центар Тетово, каде што бил пренесен за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Тетово.

На 04.08.2020 во 17.11 часот во Полициската станица Кичево било пријавено дека во куќата на Ч.Б. од с.Грешница, Б.Ѕ.(18) од Кичево се здобил со повреди предизвикани од струен удар. Тој бил пренесен во Медицинскиот центар Кичево, каде што починал. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Кичево.

На 04.08.2020 во 23.30 часот во Полициска станица за граничен премин Табановце, при вршење на пасошка контрола на излез од Република Северна Македонија, М.Д.(26) од Р.Србија не приложил изјава за влез со ПЦР тест или транзит и при проверка било констатирано дека на 02.08.2020 на Граничниот премин Бланце му бил одбиен влез за непосредување на ПЦР тест. По ова било утврдено дека М.Д. остварил илегален влез во Република Северна Македонија, што и го потврдил во разговорот. М.Д. бил приведен и предаден на полициски службеници од Куманово за понатамошна постапка.

На 04.08.2020 во 14.40 часот во Полициската станица Гази Баба Ж.Т.(73) од Скопје пријавил дека на ул.„Лазар Поп Трајков" бил каснат од куче скитник.

Во текот на 04.08.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се четири возила, бидејќи биле технички неисправни, еден возач затоа што управувал возило без да се стекне со право на управување на моторно возило и 44 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 04.08.2020 во 09,30 часот во СВР Струмица, А.Т.(37) од Гевгелија пријавил дека во 09.10 часот во Јавна здравствена установа Гевгелија, каде е вработен, З.М. од с.Стојаково, кон него упатувал закани, а се обидел и физички да го нападне. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.08.2020 во 02.41 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг просторот од бул.„Партизански одреди" со ул.„Есперанто", во населба „Порта Влае", настанал пожар на патничко возило „тојота јарис", во сопственост на правно лице од Скопје, чиј сопственик е Ѓ.Ѓ.(57) од Кичево, кое било целосно опожарено. Од пожарот биле зафатени и патничките возила „мерцедес Ц200" и „хјундаи акцент". Од Противпожарната единица од Скопје пожарот е изгаснат, а повредени лица нема. Увид на местото на настанот направила екипа од СВР Скопје.

На 04.08.2020 во 15.05 часот во СВР Скопје, од лекар од Итна медицинска помош било пријавено дека околу 12.40 часот во домот на ул.„Женевска" во Скопје Б.М.(57) ја пронашол својата мајка Н.М.(71) почината. Лекар констатирал смрт, а по наредба на Јавен обвинителот телото е предадено на обдукција.

На 04.08.2020 во 17.40 часот, Б.А.(37) од Тетово пријавил дека околу 17.40 часот, додека со своето патничко возило „поло", со тетовски регистарски ознаки, заедно со четвороца другари, запрел на раскрсница од ул.„133", непознато машко лице кое управувало патничко возило „мерцедес", со тетовски регистарски ознаки, во кое се превезувало уште едно непознато лице, најпрво вербално, а потоа и физички го нападнало. Се преземаат мерки и активности за целосно расчистување на случајот.

На 04.08.2020 околу 23.00 часот во СВР Тетово било пријавено дека во Жена-парк на ул.„Борис Кидрич" во Тетово дошло до вербална расправија која преминала во физичка пресметка помеѓу М.С. (18) од Тетово, од една страна, и Р.З. и К.В., од друга страна, при што Р.З. со остар предмет му нанел убодни рани на М.С. Повредениот бил пренесен во Клиничка болница Тетово за укажување на лекарска помош. Полициските службеници од СВР Тетово веднаш го лишиле од слобода Р.З., кој по насоки на Јавен обвинител е задржан во Полициска станица Тетово за понатамошна постапка. Увид на лице место извршила екипа од СВР Тетово. По документирање на случајот ќе следува поднесок.

На 04.08.2020 во 14.00 часот во Полициска станица Карпош било пријавено дека од Јавна установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение се оддалечил нивниот штитеник М.Е.(18). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 04.08.2020 во 16.45 часот на ул.„518" во Скопје во правец кон „Саем - Керамидница" се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „поло", сопственост на МВР, управувано од полициски службеник и патничко возило „ауди А8", управувано од И.П.(27) од Скопје. Во незгодата возачот и сопатникот од патничкото возило „поло" се здобиле со телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски", каде биле пренесени за укажување на лекарска помош. За незгодата е известен Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди. Увид на местото на незгодата направила екипа од СВР Скопје.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Виница поднесе кривична пријава против А.Ќ.(26) од с. Јакимово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 13.07.2020 во 20.40 часот додека Д.К. бил со неговата девојка во патничко возило паркирано пред неговата куќа во Виница, дошол А.Ќ. и почнал да се заканува, а потоа со метални шипки физички го нападнал Д.К. и удирал по возилото, оштетувајќи го.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Л.Џ.(60) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство" врз Л.А. (55) од с.Чегране, гостиварско. На 03.06.2020 околу 22.00 часот, откако пријавениот изградил ѕид во нива на оштетениот, Л.А. и неговиот брат отишле на нивата и го повикале Л.Џ. за да разговараат. Притоа настанала вербална расправија, која преминала во физичка пресметка, во која Л.Џ. со остар предмет му нанел убодна рана на оштетениот во пределот на рака, на кој во Ургентниот центар Гостивар му била укажана лекарска помош.

Поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или каранца", ОВР Струга поднесе кривична пријава против А.К.(35), од струшко село Велешта. Тој, на 13.04.2020 во с.Велешта го пресретнал К.Х.(49) од истото село, и поради претходна караница, го нападнал со остар предмет.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Б.Б.(33) и О.Л.(25), двајцата од Радовиш,поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „даночно затајување". Првопријавениот во 2019 остварил дополнителен приход, за кој требало да пријави даночна обврска од поголема вредност, односно затаил данок во висина од 196.409 денари, а второпријавената не пријавила дополнителни приходи за 2018 и 2019 година и со тоа прикрила персонален данок на доход од 115.909 денари за 2018 и 212.956 денари за 2019 година, со што го оштетиле буџетот на Република Северна Македонија за 545.274 денари.

На 04.08.2020 околу 16.00 часот на ул.„Коста Новаковиќ" во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „тојота", управувано од Д.Н.(45) од Скопје, патничко возило „бмв", управувано од А.Н.(24) од Битола и патничко возило „ауди", сопственост на МВР, управувано од полициски службеник. Во незгодата со телесни повреди се здобил полицискиот службеник, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски", каде бил пренесен за укажување на лекарска помош. За незгодата е известен Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди. Увид на местото на незгодата направила екипа од СВР Скопје.

На 04.08.2020 до Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при МВР на Република Северна Македонија, преку сервисот „Јревно копче" пристигнала е пријава за лице кое на сервисот за споделување на видеа ТИК ТОК се снима додека врши палење на јавни површини. Пријавата е доставена до СВР Скопје, како надлежна организациона единица која постапува по сторени кривични дела од таа област. МВР презема мерки и активности за утврдување на точниот идентитет на снимката и на учесниците во неа, како и за понатамошно расчистување на настанот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-mouna: kontakt@moi.gov.mk
изработено од Унет